# ОПШТИ УСЛОВИ

за користење на услуги во електронските сервиси на Банката

## I ВОВЕД

1. Овие Општи услови се однесуваат на трансакциските сметки на клиентите отворени согласно Договорот за отварање и водење на трансакциска сметка за вршење на платниот промет во земјата , во УНИБанка а.д Скопје и истите ги користат електронските сервиси на банката согласно Договорот за користење на електронските сервиси на Банката
2. Овие општи услови се однесуваат на севкупниот платен промет во земјата, на резиденти и нерезиденти правни и физички лица, кои ги користат услугите на електорнските сервиси на УНИ*Банк*а а.д Скопје (во понатамошниот текст: Банка).

## II. ДЕФИНИЦИИ

3. **Трансакциска сметка** е сметка кој преставува единствен и неповторлив нумерички податок кој служи за идентификација на Учесникот во платниот промет, преку која истиот врши плаќања и ги користи услугите на електронските сервиси на Банката.
4. **Корисник** е правно или физичко лице со кое Банката има склучено Договор за отварање и водење на трансакциска сметка за вршење на платниот промет во земјата, на кое мусе овозможува користење на електронските сервиси на Банката
5. **Договор** за користење на услугите на електронските сервиси на Банката се склучува помеѓу Корисникот и Банката и со истиот се регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од користењето на електронските услуги.
6. **Пријава** е образец кој се пополнува за користње на услугите на електронските сервиси на Банката.
7. **Услуги на електронските сервиси на банката**:

- Внес на безготовински налози за вршење на денарски плаќања
- Следење на промените на сметката преку изводи и можност за пребарување на изводи за секој минат датум
- Комплетна информација за прометот и состојбата на сметката во текот на денот
- Преглед на сите реализирани налози
- Преглед на сите нереализирани налози со дополнително образложение
- Информации за камати, курсеви, кредити, нови продукти на банката и сл.

8. **Овластено лице** за користење на услугите на електронските сервиси на Банката е физичко лице кое Корисникот го овластил да располага со средствата од неговата сметка или да извршува други работи во областа на електронските услуги, врз основа на Пријавата пополнета и доставена до банката.
9. **Електронски потпис** подразбира низа на податоци во електронски облик кои се содржани или логично поврзани со други податоци во електронски облик и е наменет за утврдување на автентичност на податоците и за утврдување на идентитетот на потписникот.
10. **Потписник** е лице кое во свое име или во има на дурго правно или физичко лице кое го застапува, направи електронски потпис, односно се потпише.
11. **Дигитален сертификат** е потврда во електронски облик со кој се потврдува врската меѓу податоците за проверка на електронски потпис со одредено лице, носителот на сертификатот и идентитетот на тоа лице.
12. **Важечки дигитален сертификат** е сертификат прифатен од страна на Банката на кој не му е истечен рокот на важност и кој не е формално отповикан во системот на Банката.

13. **Медиум за чување на дигитален сертификат** е сигурносен уред на кој се чува дигиталниот сертификат со кој се врши проверка на идентитетот, шифрирање на податоците и дигитално потпишување на електронските пораки и налози.
14. **Електронска порака** е низа на податоци кои се пратени или примени по електронски пат, вклучувајчи и електронско разменување на податоци и електронска пошта
15. **Електронски налог за плаќање** е налог кој Овластеното лице го проследува до Банката во облик на електронска порака и кој е во согласност со правилата одредени од страна на Корисникот, интерените акти на Банката и важечката регулатива за извршување на платниот промет.

16. **Терминскиот план** за работа на Банката во врска со прием и реализација на електронските налози со тековна валута на извршување доставени од корисниците е следен:

- преку МИПС системот – до 16:15 часот
- преку КИБС системот – до 14:00 часот
- во системот на Банката (интерни налози) – до 19:45 часот

17. **Тарифа за електронските услуги на Банката** е тарифа за провизии и надоместоци, донесена од Управниот одбор на Банката.

## IV. АКТИВНОСТ И ПРИСТАП

18. Услугите за електронски начин на извршување на работите во платниот промет во земјата на Корисникот ќе му бидат достапни 24 часа дневно, седум дена во неделата. Електронските налози за плаќање доставени преку системот за електронско банкарство ќе се извршуваат согласно Терминскиот План на Банката за учесниците во платниот промет во земјата.
19. За користење на услугите во рамките на електронските сервоси на Банката корисникот задолжително мора да има отворено трансакциска сметка во Банката.
20. Користењето на електронските услуги се овозможува со потпишување на Договор за користење на услугите на електронските сервиси на Банката и пополнување на Пријавата за користење електронските сервиси на Банката.
21. Со наведените документи Корисникот се определува да користи една или повеќе услуги во рамките на електронските сервиси на банката , ги именува Овластените лица и го дефинира обемот и начинот на кој тие ќе ги извршуваат работите од електронските сервиси во негово име и за негова сметка.
22. Услугите Корисникот може да започне да ги користи во рок од 10 дена по поднесувањето на Пријавата за користење на електронските сервиси на банката.
23. Банката има право да го одбие Корисникот за користење на електронските услуги , без да ги наведе причините за својата одлука.
24. Банката го регистрира Корисникот за користење на услугите на електронските сервиси на Банката во системот согласно внатрешните правила и процедури. По потпишување на Договорот за користење на услугите на електронските сервиси на Банката, Корисникот добива од Банката пакет во кој се содржани токен ( ако врши плаќања ), корисничко име и лозинка запечатена во плико.
25. Трансакциите се вршат исклучиво со важечки дигитален сертификат.
26. Банката може да прими на реализација по електронски пат безготовински налози за плаќање од корисникот при што дигиталниот потпис на налогот се смета во потполност рамноправен со депонираниот потпис на овластено лице на кое му е доделен дигиталниот сертификат.
27. Банката ги извршува електронските налози за плаќање без дополнителни проверки и достава на хартиени налози во просториите на Банката.
28. Корисникот е должен на сопствен трошок да ги обезбеди техничките услови за користење на услугата.

## III.СИГУРНОСТ

29. Корисникот има обврска да обезбеди тајност и физичка недостапност на лозинките кои ги користи за пристап на електронските сервиси на Банката.
30. Корисникот е должен да информира сите Овластени лица со содржината, правата и обврските кои произлегуваат од Општите услови, Договорот и сите останати акти и документи кои ја регулираат работата во рамките на користење на електронските сервиси на Банката.
31. Банката не сноси никаква одговорност за последиците кои настануваат при губење, кражба и слично на медиумот кој го носи електронскиот сертификат.
32. Банката не одговара во случај кога средствата за електронска идентификација ќе станат познати на неовластени лица.
33. Во случај на губење на токен уредот и слично, Корисникот е должен да ја извести Банката.
34. Корисникот има обврска да работи и да ги користи електронските сервиси во платниот промет во согласност со важечките прописи и договорените услови со Банката.
35. Договорните страни се согласни дека Банката може привремено да го блокира, исклучи, да го прекине користењето на електронските сервиси во платниот промет, или да го укине сертификатот на корисникот во случај кога :

- корисникот ќе пријави дека го изгубил сертификатот или во случај истиот да е украден,
- корисникот ќе ја овласти банката да го прекине пристапот на одредени лица на кои корисникот им го укинал правото да ракуваат со дигиталниот сертификат,
- доколку на било кој начин банката се посомнева дека трето лице неовластено да располага со тајни информации во врска со дигиталниот сертификат,
- корисникот не постапува во согласност со утврдените правила и прописи за користење на електронските сервиси на платниот промет, Договорот за користење на електронски сервиси во платниот промет, Договорот за отварање и водење на денарска сметка по видување склучен помеѓу банката и корисникот, како и одредбите од Законот за Платен Промет и Општите услови за користење на електронски сервиси во платниот промет на банката.
- во случај на рекламација на корисникот, при која е неопходно банката да изврши анализи и проверки за извршените плаќања преку електронските сервиси на платниот промет, до конечно разрешување на случајот,
- во сите останати случаи каде постои сомневање за неовластен пристап во игурносниот пакет на корисникот односно на елементите на заштита на банката,

36. Извршувањето на блокада на сертификатот привремено или трајно ќе го оневозможи понатамошното користење на дигиталниот сертификат. Во случаите кога банката ќе утврди дека постои оправдано сомневање дека дошло до компромотирње на сигурносниот пакет, повторно користење на електронските сервиси во платниот промет ќе се овозможи со издавање на нов сигурносен пакет на корисникот, односно нов дигитален сертификат и личен идентификационен број. Трошоците за издавање на нов дигитален сертификат ги сноси Корисникот.

## IV. ПЛАЌАЊА

37. Трансакциите со електронски налози се извршуваат во согласност со позитивната законска регулатива и во согласност со внатршните правила на Банката.
38. Корисникот и од него овластените лица имаат право да располага со средствата од сметката само во висина на салдото на сметката и дозволеното пречекорување ако за истото има потпишано Договор во Банката.
39. Банката не сноси никаква одговорност за извршување на неправилно пополнети налози од страна на корисникот. Банката не сноси никаква одговорност во случај кога налогот е одбиен во системот на платниот промет поради грешка на корисникот или непочитување на Терминскиот план.
40. Банката ги еведентира сите промени на трансакциската сметка на Учесникот и на Учесникот му издава извод за следење на промените на трансакциската сметка, со сите приливи и одливи на истата за даден период.

## V. ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ

41. Банката не гарантира и не превзема никаква одговорност за опремата ( хардвер, софтвер и други средства ) кои корисникот ги употребува при работа со сервисот на електорнските услуги. Банката не превзема никаква одговорност за евентуални последици кои се настанати со неовластено и нестручно користење на опремата која ја употребува корисникот.
42. Банката не превзема никаква одговорност за проблеми во телекомуникациските врски и други услуги кои ги овозможува трета страна.
43. Банката го задржува правото да врши промени во постојниот систем во согласност со позитивните законски прописи.
44. Банката не сноси никаква одговорност за извршување на неправилно пополнети налози од страна на корисникот. Банката не сноси никаква одговорност во случај кога налогот е одбиен во системот на платниот промет поради грешка на корисникот или непочитување на Терминскиот план.
45. Банката го задржува правото привремено или трајно да го оневозможи извршувањето на поединечни или на сите услуги од електронските сервиси, доколку постои сомневање за злоупотреба или во случај кога корисникот не ги почитува одредбите од договорот.
46. Банката може да врши краткотрајни прекини на услугите на електронските сервиси во случаи кога се превземаат неодложни активности за надградба или одржување на информациониот систем, за што банката навреме ќе го извести корисникот. Банката може да врши итни и ненајавени прекини на услугите во случаи кои се однесуваат на сигурноста и општата стабилност на системот.
47. Банката има обврска да му стави на располагање на корисникот пакет кој во зависност од избраните канали содржи: упатство за користење, тајни кориснички кодови во непровиден плик, дигитален сертификат, читач на smartcard или USB PKI Token и процедура за инсталирање, откако ќе потполни и потпише пријава и договор и се согласи со општите услови кои банката ги поставува за користење на електронскиот сервис.
48. Банката има обврска да овозможи реализација на сите правилно пополнети и испратени платни налози, а согласно законските одредби и договорените услови со Банката, кои и биле поднесени на Банката според важечките термински планови за предавање и обработка на налозите; увид во прометот и состојбата на сметката; увид во извештајот за реализираните налози и нереализираните налози.
49. Банката има обврска да обезбеди тајност на податоците од работењето на корисникот преку сметката во банката. Податоците за работењето со електронските сервиси во банката, банката може да ги достави исклучиво на корисникот по негово барање или на органите кои се законски овластени да имаат увид во нив.
50. Банката се обврзува да обезбеди заштита на личните податоци за корисникот и овластените лица согласно законската регулатива. Личните податоци ќе се користат само за потребите на извршување на услугите прку електронските сервиси на банката, врз основа на согласност на субјектите на личните податоци и во случај и на начин предвиден со закон или друг пропис.
51. Банката има обврска да обезбеди сигурност од неовластени упади во базата на податоци во банката.
52. Банката има обврска да го извести корисникот за сите промени настанати во врска со општите услови за електронското банкарство.
53. Банката го задржува правото да го менува обемот и содржината на одделени видови на услуги од електронските сервиси кои ги нуди и останатите услуви на деловна соработка регулирани со Општите услови, Договорот, актите на деловната политика на Банката и другите документи кои ја регулираат работата, за што го известува Корисникот со објавување информација на изводотот на неговата сметка или на web страната на Банката.
54. Корисникот се обврзува да обезбеди соодветна опрема за користење на електронските сервиси во платниот промет во земјата, како и пристап до интернет
55. Корисникот е должен да овласти лице/а за користење на електронските сервиси на банката и притоа да ги информира истите со содржината, правата и обврските кои произлегуваат од овој договор и документацијата која е негов составен дел, општите услови и корисничките упатства.
56. Корисникот има обврска да обезбеди тајност и физичка недостапност на лозинките кои ги користи за пристап на електронските сервиси на Банката.

57. Корисникот има обврска писмено да ја извести банката во случај на :
    a. поништување на овластувањата за користење на електронските сервиси во платниот промет
    b. губење на дигиталниот сертификат или
    c. сознание дека некој неовласетно поседува информации за дигиталниот сертификат, личниот идентификационен број, и/или лозинката на клиентот,
58. Корисникот има обврска да работи и да ги користи електронските сервиси во платниот промет во согласност со важечките прописи и договорените услови со Банката.
59. Корисникот има обврска да ги применува во своето работење упатствата од Банката.
60. Корисникот има обврска да се придржува до Терминскиот план за испраќање и обработка на налозите за плаќања.

**VI.ТАРИФИ И НАДОМЕСТОЦИ**

61. Корисникот плаќа еднократен надомест за пристап на електронските сервиси во платниот промет на УНИБанка а.д Скопје, односно за добивање на сигурносниот пакет.
62. Банката на корисникот ќе му пресметува надомест за користење на електронските сервиси во платен промет во согласност со Тарифата на банката ( Со Тарифата на Банката клиентот е запознаен и ја прифаќа истата ).
63. Со потпишување на Договорот за користење на електронските сервиси , Корисникот ја овластува Банката да изврши наплата на сите надоместоци и провизии за кои е задолжен Корисникот од неговата сметка.
64. Корисникот остварува увид во задолжувањата на сметката по основ на надоместокот кој го наплаќа Банката, преку увид во промените и изводот на сметката.
65. Банката е должна да го извести Корисникот за секоја промена во Тарифата на Банката во рамките на електронските сервиси.
66. Во случај на откажување на сите услуги на електронските сервиси што ги нуди банката, Корисникот е должен да поднесе писмено барање до Банката и да ги подмири сите обврски кон Банката настанати врз основа на користење на услугите од електронските сервиси што ги нуди Банката.

**VII.РЕКЛАМАЦИИ**

67. Корисникот е должен да ги контролира пополнетите електронски налози и е исклучиво одговорен за точноста и коректноста на податоците во истите и е должен со редовен увид да го следи и контролира извршувањето на трансакциите преку електронските сервиси на банката.
68. Во случај кога Корисникот ќе забележи одредени несогласувања може да достави рекламација до Банката во писмена форма, најдоцна во рок од 5 (пет) дена по приемот на изводот во кој се гледа прометот и состојбата на сметката.
69. Банката има обврска да ги решава рекламациите во врска со извршените налози за плаќање најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на рекламацијата.

**IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

70. Договорот ќе биде раскинат без согласност на договорните страни во случај кога :
- ќе се раскине Договорот за отварање и водење на денарска сметка по видување склучен помеѓу банката и корисникот
- ќе се јават статусни промени кај корисникот кои условуваат укинување на сметката на корисникот или при промена на овластеното лице на корисникот
- корисникот ќе ја изгуби деловната способност
- е воведена стечајна или ликвидациона постапка кон корисникот
- не се почитуваат условите од овој договор, договорот за отварање и водење на денарска сметка по видување, општите одредби за користење на услугите во електронските сервиси на платниот промет во земјата и упатствата кои ги пропишува банката.

71. Корисникот може да го раскине Договорот во рок од 30 дена со претходна писмена најава до Банката.
72. Овие Општи Услови, се составен дел од Догворот за користење на електронските сервиси на Банката и се смета дека ако Корисникот го има потпишано Договорот, ги познава и се согласува со примена Општите Услови.
73. Банката го задржува правото на измена на Општите Услови, а Учесникот ги прифаќа сите промени и надополнувања доколку во рок од 15 дена од денот на објавување на информацијата за измена на Општите услови не достави Барање за раскинување на Договорот.
74. Овие Општи Услови се составен дел од Договорот и се достапни во сите експозитури на Банката, како и на интернет страната на Банката www.unibank.com.mk.
75. Со користење на услугите на електронските сервиси на Банката, се смета дека Учесникот е запознаен со одредбите на Општите Услови и дека е согласен со нивната примена.
76. Со потпишување на Договорот за користење на електронските сервиси на Банката, Корисникот изјавува дека доброволно ги доставил своите лични податоци и податоците на корисниците и дава изјава Банката да ги користи и обработува неговите лични податоци и податоците на корисниците. Со истото се согласува и потврдува дека Банката може да ги доставува информациите кои преставуваат банкарска тајна или личните податоци за Корисникот на лица вработени во Банката, како и на други надлежни финансиски институции во државата и во други земји членки на ЕУ, а може да се користат за предлагање на банкарски продукти и услуги во смисол на истражување на истите во рамките на Банката.